M0088349 (mk)
декември 2017
(Преведено: јануари 2018)

Прирачник за Ракување и Одржување

Product Link ® Системи PL042 и PLE702

PL7 1-UP (Контрола и водење на машината (производи))

Важни информации за безбедноста

Повеќето несреќи што се случуваат при работа, одржување и поправки, се предизвикани од непочитување на основните правила и мерки за безбедност. Несреќите често може да се избегнат со препознавање на потенцијално опасните ситуации пред тие да се случат. Мора да се внимава на потенцијалните опасности, вклучително и на човечкиот фактор, што можат да влијаат врз безбедноста. Операторите треба да имаат неопходна обука, вештина и алати за соодветно извршување на работата.

Несоодветното ракување, подмачкување, одржување или поправање на производот може да биде опасно и да заврши со повреда или смрт.

Не ракувајте со производот и не подмачкувајте го, одржувајте го и поправајте го додека не се уверите дека сте овластени за таа работа и дека сте ги прочитале и разбрале информациите за ракување, подмачкување, одржување и поправање.

Мерките за претпазливост и предупредувањата се наведени во прирачникот и на производот. Ако предупредувањата за опасност не се почитуваат, може да дојде до нечија телесна повреда или смрт.

Опасностите се опредечени со „симбол за безбедносно предупредување“ проследен со „сигнален збор“ како што се „ОПАСНОСТ“, „ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ“ или „ВНИМАНИЕ“. Етикетата со безбедносната ознака „ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ“ е прикажана подолу.

⚠ WARNING

Значењето на овој симбол за внимавање на безбедноста е следното:

Внимание! Внимавајте! Се работи за вашата безбедност.

Пораката што се појавува под предупредувањето ја објаснува опасноста и може да биде со зборови или со слика.

Листата на некои операции што можат да предизвикаат оштетување на производот се означени со “НАПОМЕНА” на производот и во брошурава.

Caterpillar не може да ја предвиди секоја можна ситуација која што може да доведе до потенцијална опасност. Според тоа, предупредувањата во брошурава и на производот не вклучуваат се`. Не смеете да го користите производот на начин различен од препорачаниот во прирачников ако претходно не сте ги зеле предвид сите безбедносни правила и мерки на претпазливост што важат за ракувањето со производот на местото на употреба, вклучително специфични правила на самото место и предострожности што важат за местото на работа. Ако се употребува алатка, процедура, начин на работа или техника што не е препорачана од Caterpillar, треба да бидете сигурни дека таа е безбедна за вас и за другите. Треба да проверите дали сте овластени да ја вршите таа работа и дека производот нема да се оштети или да стане небезбеден со тоа ракување, подмачкување, одржување или поправање кое што мислите да го извршите.

Информациите, спецификациите и илустрациите во оваа публикација се врз основа на информациите кои биле на располагање во времето кога е напишана. Спецификациите, вртежните моменти, притисоците, мерењата, прилагодувањата, илустрациите и другите работи можат да се сменат во секое време. Тие промени можат да влијаат врз сервисирањето на производот. Пред да почнете која било работа, обезбедете целосни и најнови информации. Продавачите на Cat ги имаат најновите достапни информации.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Кога се потребни резервни делови за овој производ, Caterpillar препорачува употреба на резервни делови на Cat.

Непочитувањето на ова предупредување може да доведе до предвремено пропаѓање, оштетување на производот, телесни повреди или смрт.

Во САД, одржувањето, замената и поправките на уредите за контрола на издувните гасови и системи може да ги врши секоја работилница или лице што ќе ги избере сопственикот.

Содржина

Предговор 4

Дел за безбедност

Безбедносни знаци и налепници 5

Општи информации за опасност 7

Дел за информации за производот

Информации за идентификација на производот 8

Дел за ракување

Работа 15

Дел за Индекс

Индекс 17

Предговор

Информации за литературата

Овој прирачник треба да се чува во држачот за литература.

Овој прирачник содржи информации за безбедност, упатства за работа и препораки за одржување.

Некои фотографии или илустрации во оваа публикација прикажуваат детали кои можат да бидат различни од оние на Вашиот производ.

Постојаното подобрување и унапредување на дизајнот на производот може да предизвикало промени на Вашиот производ кои не се вклучени во оваа публикација. Прочитајте го, проучете го и чувајте го овој прирачник со производот.

Секогаш кога имате прашање во врска со Вашиот производ или оваа публикација, Ве молиме консултирајте го Вашиот дилер за Cat за најнови информации.

Безбедност

Одделот за безбедност ги наведува основните мерки за безбедност. Понатаму, овој оддел го определува текстот и местото на знаците и етикетите за предупредување кои се користат на машината.

Работа

Одделот за работење служи за учење на новиот оператор и за обновување на знаењето на искусниот оператор. Овој дел вклучува дискусија за инструменти, прекинувачи, контрола на производот, контрола на приклучоци и информации за програмирање.

Фотографиите и цртежите го водат работникот низ процедурите на проверка, стартување, работа и запирање на моторот.

Работните техники опишани во оваа публикација се основни. Вештините и техниките се развиваат како што работникот се здобива со знаење за производот и неговите капацитети.

Одржување

Одделот за одржување е водич за грижа за опремата.

Дел за безбедност

i07275619

Безбедносни знаци и налепници

SMCS код: 7606

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Не ракувајте со, или работете на оваа опрема доколку не сте ги прочитале и разбрале инструкциите и предупредувањата во Прирачниците за ракување и одржување. Непочитувањето на инструкциите и невнимавањето на предупредувањата може да резултираат со повреда или смрт. За прирачниците за резервните делови, контактирајте со вашиот продавач на Caterpillar. Правилната нега е ваша одговорност.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Неправилното ракување со пристапната платформа може да предизвика повреда или смрт. Операторите мора правилно да ги извршуваат своите должности и да ги следат сите упатства и насоки дадени за машината и за пристапната платформа.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Случајното стартување на моторот може да предизвика повреди или смрт на луѓето што работат на опремата.


За да избегнете случајно стартување на моторот, исклучете го акумулаторскиот кабел од негативниот (−) терминал на акумулаторот. Комплетно обложете ги сите метални површини на крајот на исклучениот акумулаторски кабел за да спречите контакт со другите метални површини кои може да го активираат електричниот систем на моторот.

Свртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот во положбата OFF (ИСКЛУЧЕНО) и заклучете го со безбедносно заклучување.

Поставете ознака Специјални упатства, SEHS7332, Не работете на прекинувачот за стартување и на локацијата за исклучување на акумулаторот за да го информирате персоналот дека се работи на машината.

Безбедносни пораки

Лепенката за предупредување од сликата 1 може да се најде на инструмент таблата или на контролната табла. Лепенката за предупредување е јасно видлива за операторот при нормалното ракување со опремата.



Илустрација 1 g03356592
Етикета

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Оваа машина е опремена со Cat ® Product Link уред за комуникација. Кога се користат електрични детонатори за експлозии, уредите кои користат радио фреквенција може да предизвикаат попречување со електричните детонатори за експлозии што може да доведе до сериозни повреди или смрт. Product Link Уредот за комуникација треба да се деактивира во рамките на дозволеното растојание во согласност со сите важечки државни или локални регулаторни барања. Во отсуство на какви било регулаторни барања Caterpillar препорачува крајниот корисник самиот да изврши проценка за ризикот да го одреди безбедното растојание за ракување.

Место на експлозија се дефинира како област во која има експлозивен материјал при товарењето. Ова го вклучува и периметарот кој се формира од натоварените дупки за експлозија.

Ако е потребно, подолу се наведени методите за исклучување на уредот за комуникација на Caterpillar, Product Link:

- Поставете го Product Link прекинувачот за оневозможување на радиото во положбата OFF (ИСКЛУЧЕНО).

- Исклучете го уредот за комуникација на Caterpillar, Product Link од извор на напојување. Ова дејство се прави со исклучување на кабелот за напојување на радиото со Product Link.

Забелешка: Доколку не е инсталиран прекинувач за оневозможување на радиото и опремата се користи во близина на зона на минирање, на опремата може да се инсталира прекинувач за оневозможување на радиото. Прекинувачот ќе му овозможи на операторот да го исклучи уредот за комуникација на Caterpillar, Product Link преку контролниот панел на опремата. Погледнете во Специјални упатства, REHS7339, Специјални упатства, REHS8850, Специјални упатства, REHS9111, Специјални упатства, SEHS0377 и Специјални упатства, REHS9757 за повеќе детали и упатства за инсталацијата.

Други налепници

Лепенката од сликата 2 може да се најде на инструмент таблата или на контролната табла. Лепенката за предупредување е јасно видлива за операторот при нормалното ракување со опремата.



Илустрација 2 g03356733

Лепенката од сликата 2 е наменета да го информира операторот дека опремата содржи безжичен уред за емитување. Соодветно на тоа, податоците во врска со опремата, состојбата на опремата и ракувањето со опремата се пренесуваат од страна на Caterpillar Product Link уредот за комуникација до Caterpillar, а потоа се пренесуваат кон клиентите и продавачите на Caterpillar преку корисничкиот интерфејс. Овие податоци се користат за обезбедување подобра услуга на корисникот и за подобрување на Caterpillar производите и услугите. Пренесувањето на информациите преку Caterpillar Product Link уредот за комуникација подлежи на правни барања кои може да се разликуваат во зависност од локацијата.

Погледнете во Упатство за работа и одржување, SEBU8832, Работа и во Упатство за работа и одржување, SEBU8832, во делот Регулаторна усогласеност за дополнителни информации.

i07275621

Општи информации за опасност

SMCS код: 7606

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Не ракувајте со, или работете на оваа опрема доколку не сте ги прочитале и разбрале инструкциите и предупредувањата во Прирачниците за ракување и одржување. Непочитувањето на инструкциите и невнимавањето на предупредувањата може да резултираат со повреда или смрт. За прирачниците за резервните делови, контактирајте со вашиот продавач на Caterpillar. Правилната нега е ваша одговорност.

Предговор

Овој документ е додаток на Упатството за работа и одржување за опремата. Овој документ трајно прикачете го на Упатството за работа и одржување за опремата.

Вовед

Овој документ обезбедува информации за ракувањето со Caterpillar Product Link уредот за комуникација.

Ракувањето и одржувањето на опремата не смеат да се вршат доколку не се прочитани упатствата и предупредувањата во Упатството за работа и одржување за опремата и доколку не се разбрани предупредувањата. Мора да ја разберете содржината на овој документ пред да ја користите опремата која го содржи Caterpillar Product Link уредот за комуникација.

Дел за информации за производот

Информации за идентификација на производот

i07275617

Информации за производството

SMCS код: 7606

Име на увезувачот на EAC и производителот

Дистрибутер: “Caterpillar Eurasia” Ltd.

Russia, Moscow, 115035 Sadovnicheskaya Nab 75

Телефон: +7 (495) 2133340, факс: +7 (495) 2133372, e-mail адреса: cat_moscow@cat.com

Производител: Caterpillar Inc.

100 NE Adams Street Peoria, Illinois 61629 United States of America

Земја на потекло - САД

Датум на производство

Ознаките на уредот и на пакетот содржат информации за датумот на производството, или пак врска до изворот на овие информации. Доколку е потребно, датумот на производството може да се добие преку серискиот број на производот, со контактирање на вашиот овластен продавач.

Одредби и услови за складирање и пренос

Производот е спакуван во пакување за корисници од страна на производителот. Производот треба да се чува во фабричкото пакување и во услови за чување кои одговараат на климатските фактори од групата 4 во согласност со GOST 15150-69. При товарење и пренос мора да се почитуваат барањата на ознаките за предупредување на кутиите, бидејќи не смеат да се дозволат удари кои можат да влијаат на изгледот и на перформансите на уредот.

Преносот може да се врши преку кој било вид на покриени транспортни возила. При пренос преку воздух, осигурајте се дека Product Link уредот се пренесува во затворена и загреана преграда.

Дејства во случај на технички дефект

Пред да се јавите на вашиот продавач околу поправката, проверете го интегритетот на електричните жици и исклучете го, а потоа повторно вклучете го акумулаторот на уредот. Циклусот на акумулаторот може да се постигне преку:

- Исклучување на главниот прекинувач на машината, а потоа со негово повторно вклучување.
- Исклучување на снопот на Product Link од машинскиот приклучок, а потоа со негово повторно вклучување.
- Вадење на негативниот кабел од негативниот акумулаторски терминал, а потоа со негово повторно поврзување.

Доколку овие решенија не функционираат, побарајте помош.

i07275618

Регулаторна усогласеност

SMCS код: 7606

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Пренесувањето на информациите преку Caterpillar Product Link уредот за комуникација подлежи на правни барања. Правните барања може да се разликуваат во зависност од локацијата, вклучувајќи, но не и ограничувајќи се на, овластувањето за користење радио фреквенција. Користењето на Caterpillar Product Link уредот за комуникација мора да биде ограничено на оние места каде сите правни барања за користење на Caterpillar Product Link уредот за комуникација и комуникациската мрежа се исполнети.

Во случај опремата која содржи Caterpillar Product Link уред за комуникација да се наоѓа или премести на локација каде што (i) не се исполнети законските барања или (ii) пренесувањето или обработката на таквите информации меѓу повеќе локации не е легална, Caterpillar се одрекува од секаква одговорност поврзана со таква неусогласеност и Caterpillar може да го прекине преносот на информации од таа опрема.

Консултирајте се со својот продавач на Cat за сите прашања што се однесуваат на работата на Product Link системот во одредена земја.

Известувања за радиото PL042

Известување од FCC

Овој уред е усогласен со делот 15 од правилата на FCC. Ракувањето со уредот подлежи на следните два услова:

- Овој уред не може да предизвика штетно попречување.
- Овој уред мора да го прифати добиеното попречување, вклучувајќи го попречувањето кое може да предизвика несакано дејство.

Оваа опрема е тестирана и утврдено е дека е усогласена со ограничувањата за дигитален уред од класа B, во согласност со делот 15 од правилата на FCC. Овие ограничувањата се наменети за да обезбедат разумна заштита од штетните попречувања во резиденцијално опкружување. Оваа опрема генерира, користи и може да емитува радиофреквентна енергија и доколку не се инсталира и користи во согласност со упатствата, може да предизвика штетни попречувања во радио комуникациите. Сепак, не постои гаранција дека попречувањата нема да се случат во одредено поставување. Ако оваа опрема предизвика штетни попречувања во радио приемот или во приемот на телевизија, што може да се утврди со исклучување и вклучување на опремата, ги советуваме корисниците да го коригираат попречувањето со примена на една или на повеќе од следните мерки:

- Променете ја ориентацијата или преместете ја приемната антена
- Зголемете го растојанието помеѓу опремата и приемникот
- Поврзете ја опремата во друг штекер во друго коло различно од она на кое е поврзан приемникот
- Консултирајте се со продавачот или со искусен радио/тв техничар за помош

Промените на овој уред без јасна согласност од страна на Caterpillar може да го поништи овластувањето на корисникот да го користи овој уред.

Известување од Industry Canada кон корисниците

Ракувањето со уредот подлежи на следните два услова:

- Овој уред не може да предизвика попречување

- Овој уред мора да прифати секакво попречување, вклучувајќи го попречувањето кое може да предизвика несакано дејство на уредот.

Ознаки за сертификатот на PL042

COUNTRIES	Labeling Requirements	Package/User Manual Labeling	Comments
COSTA RICA	New requirements coming		**New requirements coming** **Previously local rep to apply SUTEL mark/label during importation**
INDONESIA	51763/SDPPI/2017	Product, user manual, or packaging (Easily seen by customs)	
JAPAN	R 003-170036 T D170023003	Mark can be on product, packaging, or user manual	Minimum 5mm diameter. If product volume is 100cc or less, diameter can be 3mm
NIGERIA	"Connection and use of this Communications equipment is permitted by the Nigerian Communications Commission"	If not marked on product, must be in user manual. Can be also marked on package	Label must be approved by the Commission Height 2mm minimum
QATAR	ictQATAR Type Approval reg. No: CRA/SA/2017/R-6426	When marked on package, minimum dimensions shall be doubled	**Labelling is voluntary, as of 7/18/17: Labelling is not required, not enforced.** Height 3mm minimum
SINGAPORE	Complies with IDA Standards DB105771	Product, user manual, or packaging	DB105771 is CAT's Dealer License
THAILAND	"This telecommunication equipment conforms to NTC technical requirement"	Package or user manual	Add compliance statement to manual. Label is optional for SDoC certifications
UNITED ARAB EMIRATES	TRA REGISTERED No: ER47254/16 DEALER No: DA0130583/14	When marked on package, minimum dimensions shall be doubled	Height 2mm minimum, "TRA" 3mm minimum

Илустрација 3 g06256363

Известувања за управувачот на мрежата на PLE702

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Мора да се внимава при ракувањето со литиумските батерии.

Литиумските батерии не се дел што може да се сервисира.

Експлодирањето на батериите може да предизвика телесна повреда.

Мора да бидете претпазливи бидејќи постои ризик од експлозија доколку батеријата се замени со погрешен тип.

Батеријата или батериите немојте да ги фрлате во оган. Батеријата може да експлодира и да емитува запаливи хемикалии.

Искористените батерии фрлајте ги во согласност со федералните и локалните закони.

i07275620

ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА СООБРАЗНОСТ

SMCS код: 7606

Изјава за сообразност на Европска Унија ЕУ PL042

Табела 1

CATERPILLAR ®
Изјава за сообразност на ЕУ

Оваа Изјава за сообразност се издава под единствена одговорност на производителот.

Долупотпишаниот претставник на производителот:

CATERPILLAR INC

100 N.E. Adams Street

Peoria, IL 61629

USA

со ова изјавува дека производот, предмет на овој опис:

Бренд: Caterpillar Модел: PL042

Број на дел: 514 - 7505

Број на дел на антена: внатрешен

(продолжува)

(Табела 1, продолжение)

Е во сообразност со релевантните закони за хармонизација на Унијата:

Директива 2014/53/EU

Директива 2011/65/EU

Сообразноста се покажува преку усогласеност со важечките барања на следните документи:

Постапка за проценка на сообразност: _____ анекс II, ___X___ анекс III, _____ анекс IV

2014/53/EU: RED	LVD (дел 3.1a):	EN60950-1:2006 + A11:2009+ A1:2010 + A12:2011 + A2:2013
		EN 62311:2008
	EMC (дел 3.1b):	EN 301 489-1 V2.1.1 (R&TTE), V2.2.0 (RED)
		EN 301 489-19: V2.1.0 (RED)
	RF (дел 3.2)	EN 301 511:V9.0.2, V12.5.1 (RED)
		EN 301 908–1:V6.2.1, V11.1.1 (RED)
		EN 301 908–2 V11.1.1 (RED)
		EN 303 413: V1.1.0 (RED)
2011/65/EU:		EN 50581:2012

Име на известеното тело:	TUV SUD BABT
Број на известеното тело:	0168
Сертификат за проверка #:	BABT-RED000457 i01.01

Signature:

Name: Michael Lasseter **Title:** Engineering Manager-3

Place: Peoria, IL **Date:** 31 July 2018

Илустрација 4 g06256346

Изјава за сообразност на Европска Унија ЕУ PLE702

Табела 2

CATERPILLAR ®
Изјава за сообразност на ЕУ

Оваа Изјава за сообразност се издава под единствена одговорност на производителот.

(продолжува)

Дел за информации за производот
ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА СООБРАЗНОСТ

(Табела 2, продолжение)

Долупотпишаниот претставник на производителот:

CATERPILLAR INC

100 N.E. Adams Street

Peoria, IL 61629

USA

со ова изјавува дека производот, предмет на овој опис:

Бренд: Caterpillar Модел: PLE702

Број на дел: 494 - 6472
494 - 6473

Е во сообразност со релевантните закони за хармонизација на Унијата:

Директива 2014/30/EU

Директива 2011/65/EU

Сообразноста се покажува преку усогласеност со важечките барања на следните документи:

2014/30/ЕУ:	EMC	EN13309:2010
		EN ISO 14982:2009

Постапка за проценка на сообразност: ___X___ анекс II, _____ анекс III, _____анекс IV

Директива 2011/65/EU	RoHS	EN 50581:2012
Други применети стандарди:		ISO13766:2006
		EN 61000-4-8:2016
		EN 61000-4-6:2003
		EN 61000-4-4:2016
		EN 61000-4-5:2014

Signature: 

Name: Michael A Caruthers **Title: Engineering Manager**

Place: Peoria, Illinois, USA **Date: 02Nov2017**

Илустрација 5 g06256602

Дел за ракување

Работа

i07275622

Преглед на системот

SMCS код: 7606

Забелешка: Вашата опрема може да содржи Caterpillar Product Link уред за комуникација.

Уредот за комуникацијата на Caterpillar, Product Link користи мобилна и/или сателитска комуникација за да разменува информации за опремата. Овие информации се разменуваат со Caterpillar, Cat дилерите и клиентите на Caterpillar. Caterpillar Product Link уредот за комуникација содржи сателитски приемник со систем за глобално позиционирање (GPS).

Забелешка: Сите Product Link уреди мора да бидат поставени на повеќе од 200 mm (7.874 inch) од операторот на машината за да бидат усогласени со FCC регулативите за заштита на човековото тело од радиофреквентните зраци.

Емитувања податоци

Податоците во врска со опремата, состојбата на опремата и ракувањето со опремата се пренесуваат од страна на Caterpillar Product Link уредот за комуникација до Caterpillar, а потоа се пренесуваат кон клиентите и продавачите на Caterpillar преку корисничкиот интерфејс. Овие податоци се користат за обезбедување подобра услуга на корисникот и за подобрување на Caterpillar производите и услугите. Пренесените информации може да вклучуваат: сериски број на опремата, локација на опремата и работни податоци коишто вклучуваат но не се ограничени на: кодови за грешки, податоци за емисиите, употреба на гориво, работни часови според мерачот, броевите на верзиите на софтверот и хардверот и инсталираните приклучоци.

Caterpillar и/или Cat дилерите можат да ги употребат овие податоци за различни намени. Можните намени се наведни на следната листа:

- Обезбедување услуги на корисникот и/или опремата
- Проверка или одржување на системот Product Link
- Следење на состојбата или перформансите на опремата
- Помош при одржување на опремата и/или подобрување на нејзината ефикасност
- евалуација или подобрување на производите и услугите на Caterpillar
- усогласување со законските барања и важечките судски прописи
- спроведување пазарно истражување
- нудење нови производи и услуги на корисникот

Caterpillar може да сподели некоја или сите собрани информации со компаниите коишто се поврзани со Caterpillar, дилерите и овластените претставници. Caterpillar нема да ги продава или изнајмува собраните информации на која било друга трета страна и ќе вложи разумни напори да ги зачува информациите безбедни. Caterpillar ја препознава и почитува приватноста на корисникот. За повеќе информации обратете се до својот Cat дилер.

Работа на место со експлозија за радија со Product Link

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Оваа машина е опремена со Cat ® Product Link уред за комуникација. Кога се користат електрични детонатори за експлозии, уредите кои користат радио фреквенција може да предизвикаат попречување со електричните детонатори за експлозии што може да доведе до сериозни повреди или смрт. Product Link Уредот за комуникација треба да се деактивира во рамките на дозволеното растојание во согласност со сите важечки државни или локални регулаторни барања. Во отсуство на какви било регулаторни барања Caterpillar препорачува крајниот корисник самиот да изврши проценка за ризикот да го одреди безбедното растојание за ракување.

Ако е потребно, подолу се наведени методите за исклучување на уредот за комуникација на Caterpillar, Product Link:

- Свртете го прекинувачот за исклучување на радиото со Product Link во положбата за ИСКЛУЧЕНО.
- Исклучете го уредот за комуникација на Caterpillar, Product Link од извор на напојување. Ова дејство се прави со исклучување на кабелот за напојување на радиото со Product Link.

Забелешка: Ако нема прекинувач за исклучување на радиото и опремата работи во близина на место со експлозии, може да се инсталира прекинувачот за исклучување на радиото со Product Link на опремата. Прекинувачот ќе му овозможи на операторот да го исклучи уредот за комуникација на Caterpillar, Product Link преку контролниот панел на опремата.

Следниве спецификации за Caterpillar Product Link уредот за комуникација се обезбедени за да се помогне при спроведување на какви било проценки поврзани со опасност и за да се обезбеди усогласеност со сите локални регулативи:

Табела 3

Спецификации на радиопредавателот		
Модел на радио (максимум)	**Опсег на фрек-венција на предавателот**	**Моќност на предавател**
PL042	824 MHz - 849 MHz	0,5 W типично, 2 W макс
	880 MHZ - 915 MHz	
	1710 MHz - 1755 MHz	
	1850 MHz - 1910 MHz	
	1920 MHz - 1980 MHz	
	2110 MHz - 2170 MHz	

Консултирајте се со својот Cat дилер ако има какви било прашања.

Информациите за работата, конфигурацијата и за решавањето проблеми кај уредот за комуникација Caterpillar Product Link може да се најдат во Работа на системот, решавање проблеми, тестирање и приспособување, M0076820.

Индекс

Безбедносни знаци и налепници 5
Безбедносни пораци 5
Други налепници 6
Важни информации за безбедноста 2
ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА СООБРАЗНОСТ 12
Изјава за сообразност на Европска Унија ЕУ PL042 12
Изјава за сообразност на Европска Унија ЕУ PLE702 13
Дел за безбедност 5
Дел за информации за производот 8
Дел за ракување 15
Информации за идентификација на производот 8
Информации за производството 8
Датум на производство 8
Дејства во случај на технички дефект 8
Име на увезувачот на ЕАС и производителот 8
Одредби и услови за складирање и пренос 8
Општи информации за опасност 7
Вовед 7
Предговор 7
Преглед на системот 15
Емитувања податоци 15
Работа на место со експлозија за радија со Product Link 15
Предговор 4
Безбедност 4
Информации за литературата 4
Одржување 4
Работа 4
Работа 15
Регулаторна усогласеност 8
Известувања за радиото PL042 9
Известувања за управувачот на мрежата на PLE702 12
Ознаки за сертификатот на PL042 10
Содржина 3

Информации за Производот и Дилерот

Забелешка: За поставеноста на идентификацискатa табла на производот, погледнете го делот „Информации за Идентификација на Производот“ во Прирачникот за Ракување и Одржување.

Датум на Испораката: _____

Информации за Производот:

Модел: _____

Број за Идентификација на Производот: _____

Сериски Број на Моторот: _____

Сериски Број на Преносот: _____

Сериски Број на Генераторот: _____

Сериски Броеви на Прицврстениот Дел: _____

Информации за Прицврстениот Дел: _____

Број на Опремата за Корисникот: _____

Број на Опремата за Дилерот: _____

Информации за Дилерот

Име: _____ Сектор: _____

Адреса: _____

_____

_____

	Контакт со Дилерот	Телефонски Број	Работно Време
Продажби:	_____	_____	_____
Делови:	_____	_____	_____

Сервис: _____ _____ _____



M0088349
©2017 Caterpillar
Сите Права се Задржани

Cat, Caterpillar, нивните логоа, соодветно, “Caterpillar Yellow” и “POWER EDGE” заштитените трговски знаци како и корпоративниот идентитет и идентитетот на производите што се употребени овде, се заштитни знаци на Caterpillar и не може да се користат без дозвола.